Врз основа на член 56 став (1), (2) и (3) од Законот за извршување (Службен весник на Република Македонија бр.72/16 од 12.04.2016 година), Собранието на Комората на извршители на РМ на седница на вонредно собрание одржана на ден 20.06.2016 година и изменет и дополнет на седница на вонредно собрание на ден 30.10.2016 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ГОДИШНИОТ ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат формата и содржината на кварталниот извештај за работа извршителот и годишниот писмен извештај за работа на извршителот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-946/8
30.10 2016 год.

## 1. Квартален извештај

Член 2

Кварталниот извештај за работа на извршителот, се доставува 4 (четири) пати во годината во електронска форма, до Министерството за правда (во понатамошниот текст: Министерството) и Комората на извршители на Република Македонија (во понатамошниот текст: Комората) најдоцна во рок од 10 дена по истекот на кварталот и тоа:

I Квартален период од 01.01.____ година - 31.03.___ година (рок за достава 10.04.____ година)
II Квартален период од 01.04.____ година - 30.06.____година (рок за достава до 10.07.____ година)
III Квартален период од 01.07.____ година – 30.09.____ година (рок за достава до 10.10.____ година)
IV Квартален период од 01.10.____ година до 31.12.____ година ( рок за достава 10.01.____ година )

Член 3

Кварталниот извештај (Образец број 1), кој е составен дел од овој правилник содржи **42** ставки:

### I. Податоци за извршувања по основ на барања за извршување за И.бр. предмети

**ИД број на извршител** - е бројот на извршителот под кој се води во Идменикот на извршители што го води Комората;
**ИД број на подрачје на суд** – е бројот на подрачје за кое е именуван извршителот кој се добива од Комората;

1. **Вкупен број на активни извршувања по барања за извршување од претходни периоди** - се изразуваат сите активни извршувања од

претходни квартални периоди кои биле во работа во тромесечието без оглед на датумот на приемот на предметот во извршителската канцеларија. Во вкупно активни извршувања кои се во работа во канцеларијата од претходни периоди се изразуваат предмети во работа од ден на почеток со работа на извршителот сметајќи ги и предметите кои се во прекин како и предметите кои се превземени од претходен извршител. Во оваа ставка не се изразуваат активни предмети од тромесечието за кое се однесува извештајот кој се доставува.

2. **Вкупно примени барања за извршување во кварталниот период** - вкупен број на примени барања за извршување во тромесечието за кое се однесува извештајот, што претставува збир од примени барања за извршување од физички лица, од правни лица, од државни органи, од судови и барања за извршување врз основа на одлука на странски суд, сите примени во периодот за кој се однесува извештајот кој се доставува.

   **2.1** Вкупно примени барања за извршување од **Физички лица** - вкупен број на примени барања за извршување од подносител физичко лице во кварталниот период;

   **2.2** Вкупно примени барања за извршување од **Правни лица** - вкупен број на примени барања за извршување од правни лица вклучувајќи ги и барањата за извршување од банки, јавни претпријатија, локална самоуправа, побарувања кои произлегуваат од комунални услуги, други правни лица и побарувања по основ на судски паушали во кварталниот период;

   **2.3** Вкупно примени барања за извршување од **Државен правобранител за државни органи** - вкупен број на примени барања за извршување од Државен правобранител за државни органи а кои барања се поднесени преку ДП на РМ во кварталниот период;

3. **Структура на должници**

   **3.1 Структура на должници физички лица** - број на должници физички лица, во кварталниот период, кој не мора задолжително да се согласува со бројот на извршни исправи во кварталниот период.

   **3.2 Структура на должници правни лица** - број на должници правни лица во кварталниот период, кој не мора задолжително да се согласува со бројот на извршни исправи во кварталниот период

   **3.3 Структура на должници државни органи** – број на должници државни органи во кварталниот период кој не мора задолжително да се согласува со бројот на извршни исправи во кварталниот период;

4. **Тип на барање за извршување**

   **4.1 Примени барања за извршување за наплата на парично побарување** - број на примени барања за извршување во кварталниот период кои се однесуваат за наплата на парично побарување.

4.2 **Примени барања за извршување на непарично побарување** - број на примени барања за извршување во кварталниот период заради извршување на непарично побарување, во случај на комбинирани барања за извршување се изразуваат само во ставката непарични побарување.

5. **Вид на извршна исправа**

   5.1 **Домашни извршни исправи** - број на барања за извршување на домашни извршни исправи кои вклучуваат: извршна судска одлука и судско порамнување, извршна одлука и порамнување во управна постапка, ако гласат на исполнување на парична обврска, извршна нотарска исправа, заклучок на извршител за утврдување на трошоците на извршувањето, решение за издавање на нотарски платен налог и друга исправа која како извршна е предвидена со закон.

   5.2 **Странски извршни исправи** - број на барања за извршување врз основа на одлуки на странски суд.

6. **Реализирани барања за извршување**

   6.1 **Реализирани барања за извршување од примените во кварталниот период -** број на реализирани барања за извршување од примените во кварталниот период, во кои се изразуваат и запрените предмети а не се изразуваат предмети во прекин. Се однесува само за предмети примени во кварталниот период.

   6.2 **Реализирани барања за извршување од примените во претходните квартални периоди -** број на реализирани барања за извршување примени во претходните квартални периоди, а кои се реализирани во извештајниот период. Се изразуваат и запрени предмети по сите основи но не се изразуваат предмети во прекин.

7. **Процент на реализација** - сооднос помеѓу примените и реализираните барања за извршување во кварталниот период. Се однесува само за барања за извршување примени во кварталниот период.

8. **Времетраење на извршување –** во овој дел се прикажува времетраењето на извршувањето на сите предмети кои се завршени во извештајниот квартален период

   8.1 **Времетраење на извршувањето до 3 месеци** - број на предмети завршени во кварталот за чие реализирање на предметот биле потребни до 3 месеци.

   8.2 **Времетраење на извршувањето од 3 до 6 месеци** - број на предмети завршени во кварталот за чие реализирање на предметот биле потребни од 3 до 6 месеци.

   8.3 **Времетраење на извршувањето од 6 до 12 месеци** - број на предмети завршени во кварталот за чие реализирање на предметот биле потребни од 6 до 12 месеци.

**8.4 Времетраење на извршувањето над 1 година** - број на предмети завршени во кварталот за чие реализирање на предметот биле потребни над 1 година.

9. **Структура на реализирани извршни исправи според превземени дејствија за предмети примени во кварталниот период**

**9.1 Структура на реализирани извршни исправи заради наплата на парично побарување** - број на реализирани предмети кои се реализирале со: извршување врз сметка на должникот, извршување врз подвижни предмети, врз парично побарување на должник, извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети или да се предаде недвижност, извршување врз хартии од вредност и врз удели во трговско друштво, извршување врз други имотни права, извршување врз недвижности и извршување на судски пенали и паушали.

**9.2 Структура на реализирани извршни исправи заради остварување на непарично побарување** – број на реализирани предмети кои се реализирале со: испразнување и предавање на недвижности, предавање и испорака на подвижни предмети, обврска на дејствие, трпење или несторување, враќање работник на работа, давање изјава на волја, спроведување на физичка делба на предмети и продажба на предмети за кои не е можна физичка делба.

**9.3 Одбиени барања за извршување** - број на барања за извршување кои се одбиени од страна на извршител со заклучок за одбивање.

10. **Структура на реализирани извршни исправи според должници за предмети примени во кварталниот период.**

**10.1 Структура на реализирани извршни исправи според должници физички лица** - број на реализирани извршни исправи каде како должник се јавува физичко лице.

**10.2 Структура на реализирани извршни исправи според должници правни лица** - број на реализирани извршни исправи каде како должник се јавува правно лице.

**10.3 Структура на реализирани извршни исправи според должник Република Македонија** - број на реализирани извршни исправи каде како должник се јавува Република Македонија односно органите на Република Македонија кои ги застапува Државно Правобранителство на Република Македонија.

11. **Структура на реализирани извршни исправи според доверители за предмети примени во кварталниот период**

**11.1 Структура на реализирани извршни исправи според доверители физички лица** - број на реализирани извршни исправи каде како доверител се јавува физичко лице.

11.2 **Структура на реализирани извршни исправи според доверители правни лица** - број на реализирани извршни исправи каде како доверител се јавува правно лице.

11.3 **Структура на реализирани извршни исправи според доверители Република Македонија** - број на реализирани извршни исправи каде како доверител се јавува Република Македонија.

12. **Вкупен износ на побарувања**: вкупен износ на главни побарувања согласно примени барања за извршување за парични побарувања во кварталниот период.
13. **Вкупен износ на наплатени средства од извршување** - вкупна сума во денари која се однесува на средства наплатени во извршување за доверителите, без оглед дали дошло до целосно или делумно реализирање на предметот односно дали предметот се реализира со повремени плаќања. Се однесува на реализирана наплата по основ на сите предмети кои биле во работа во кварталниот периодот.
14. **Вкупен износ на наплатени средства по основ „Цена за администрирање** - Се однесува на реализирана наплата по основ на примените предмети во кварталниот период.
15. **Вкупен износ на наплатени средства по основ „Превземени извршни дејствија** - Се однесува на реализирана наплата по основ на сите активни предмети кои биле во работа во кварталниот период.
16. **Вкупен износ на наплатени средства по основ „Награда за извршување** - Се однесува на реализирана наплата по основ на активни предмети кои биле во работа во кварталниот период.
17. **Вкупен износ на поврат на средства во кварталниот период** - износ на средства на кој е направен поврат на сметка на должник во кварталниот период, а се однесува на повратот од предмети без оглед на времето на приемот на предметот, односно на време на реализирањето на предметот. Истовремено се доставува корегиран квартален извештај за периодот во кој предметот е целосно реализиран (корекцијата се однесува на ставката 13, односно се намалува за сумата која е направена при повратот).

18. **Структура на наплатени средства од извршување**

**18.1 Сума на наплатени средства од извршување според должници од физички лица** - вкупна сума во денари на средства наплатени од физички лица. Се однесува на реализирана наплата по основ на сите активни предмети кои биле во работа во кварталниот период.

**18.2 Сума на наплатени средства од извршување според должници од правни лица** - вкупна сума во денари на средства наплатени од правни лица. Се однесува на реализирана наплата по основ на сите активни предмети кои биле во работа во кварталниот период.

**18.3 Сума на наплатени средства според должници од Република Македонија - вкупна сума во денари на средства наплатени од РМ односно од органите на Република Македонија**. Се однесува на реализирана наплата по основ на сите активни предмети кои биле во работа во кварталниот период.

19. **Структура на наплатени средства според доверители**

**19.1 Сума на наплатени средства според доверители физички лица** - вкупна сума во денари на средства наплатени за физички лица доверители. Се однесува на реализирана наплата по основ на сите активни предмети кои биле во работа во кварталниот период (ставка 6).

**19.2 Сума на наплатени средства според доверители правни лица** - вкупна сума во денари на средства наплатени за правни лица доверители. Се однесува на реализирана наплата по основ на сите активни предмети кои биле во работа во кварталниот период (ставка 6).

**19.3 Сума на наплатени средства според доверители Република Македонија** - вкупна сума во денари на средства наплатени за РМ. Се однесува на реализирана наплата по основ на сите активни предмети кои биле во работа во кварталниот период.

20. **Број на запрени предмети во кварталниот период** - број на предмети во кои извршителот ја запрел постапката по службена должност или поради повлекување на барањето со заклучок за запирање, а се однесува на предмети кои се примени во кварталниот период. Овде не се наведуваат бројот на предмети кои се запрени поради намирување.

21. **Број на запрени предмети во кварталниот период од предмети примени во претходни периоди** - број на предмети во кои извршителот ја запрел постапката во кварталниот период по службена должност или поради повлекување на барањето со заклучок за запирање, а се однесува на предмети кои се примени во претходни периоди. Овде не се наведуваат бројот на предмети кои се запрени поради намирување.

22. **Прекинато извршување во кварталниот период** - број на предмети во кој е направен прекин на постапувањето, се однесуваат на предмети кои се примени во кварталниот период. Прекинатите предмети се изразуваат во активни предмети односно не се изразуваат во запрени или завршени предмети т.е реализирани предмети.

23. **Прекинато извршување во кварталниот период за предмети примени во претходни периоди** - број на предмети во кој е направен прекин на постапувањето во кварталниот период, а се однесуваат на предмети кои се примени во претходни периоди. Прекинатите предмети се изразуваат во активни предмети односно не се изразуваат во запрени или завршени предмети т.е реализирани предмети.

24. **Поднесени барања за распишување на потраги по моторни возила –** број на поднесени барања во кварталниот период за распишување на потрага и запирање на моторното возило предмет на извршување до Министерство за внатрешни работи.
25. **Реализирани барања за распишување на потраги по моторни возила -** број на реализирани барања во кварталниот период за распишување на потрага и запирање на моторното возило предмет на извршување од Министерството за внатрешни работи, за предмети примени во кварталниот период.
26. **Реализирани барања за распишување на потраги по моторни возила од претходни периоди** - број на реализирани барања во кварталниот период за распишување на потрага и запирање на моторното возило предмет на извршување од Министерството за внатрешни работи, за предмети примени во претходни периоди.

## II. Дополнителни активности на извршителот

27. **Примени барања за достава на судски писмена -** број на примени предмети кои се однесуваат на судска достава во кварталниот период.
28. **Број на реализирани барања за достава на судски писмена примени во кварталниот период -** број на предмети во кои успешно е реализирана доставата на судски писмена од примените барања за достава во кварталниот период.
29. **Број на реализирани барања за достава на судски писмена од примени во претходни периоди** – број на предмети во кои успешно е реализирана доставта на судски писмена во кварталниот период од примените барања за достава во претходни периоди.

30. **Број на примени предмети во кои врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка** - број на примени предмети во кои врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка во кварталниот период.

31. **Број на реализирани предмети во кои врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка примени во кварталниот период -** број на реализирани предмети во кои врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка во кварталниот период.

32. **Број на реализирани предмети во кои врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка примени во претходни периоди** - број на реализирани предмети во кои врши продажба на подвижни и недвижни

предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка во кварталниот период од примените барања за извршување во претходни периоди.

33. **Број на примени предмети за превземени други дејствија во врска со доверени работи од судот** - Број на примени предмети за превземени други дејствија во врска со доверени работи од судот во кварталниот период.
34. **Број на реализирани предмети за превземени други дејствија во врска со доверени работи од судот примени во кварталниот период** - Број на реализирани предмети за превземени други дејствија во врска со доверени работи од судот во кварталниот период.
35. **Број на реализирани предмети за превземени други дејствија во врска со доверени работи од судот примени во претходни периоди** - Број на реализирани предмети за превземени други дејствија во врска со доверени работи од судот во кварталниот период од примените барања во претходните периоди.
36. **Број на примени барања за преземање дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот** - број на преземени дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот, не се изразуваат во ставката примени барања за извршување.
37. **Број на реализирани предмети по примени барања за преземање дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот примени во кварталниот период** - број на реализирани предмети во кварталниот период во кои се постапувало по барање за превземање на дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот.
38. **Број на реализирани предмети по примени барања за преземање дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот примени во претходни периоди** - број на реализирани предмети во кварталниот период во кои се постапувало по барање за превземање на дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот од примените барања во претходни периоди.
39. **Примени барања за вонсудска наплата на долгови** - број на примени барања за вонсудска наплата на долгови во кварталниот период, во целост. Овие предмети не се изразуваат во ставките од 1 до 26 односно не се бројат во вкупно примени и реализирани барања за извршување.
40. **Реализирани барања за вонсудска наплата на долгови** - број на реализирани барања за вонсудска наплата на долгови за барања примени во кварталниот период. Овие предмети не се изразуваат во ставките од 1 до 26, односно не се бројат во вкупни примени и реализирани предмети.
41. **Реализирани барања за вонсудска наплата на долгови во кварталниот период примени во претходните периоди** - број на реализирани барања за вонсудска наплата на долгови во кварталниот период а по основ на барања примени во претходните периоди. Овие предмети не се изразуваат

во ставките од 1 до 26, односно не се бројат во вкупни примени и реализирани предмети.

### III. Вкупен број на предмети во работа

42. **Вкупно предмети во работа во кварталниот период** – збир од активни извршувања од претходни периоди и број на извршувања и предмети кои се во работа од примените во кварталниот период (збир од ставка 1, ставка 2, ставка 27,ставка 29 ставка 30, ставка 32, ставка 33,ставка 35, ставка 36, ставка 38, ставка 39 и ставка 41). Се изразуваат извршувањата по предмети за парично побарување, предмети за непарично побарување, како и предметите за судски достави, обезбедување на материјални докази, продажба во стечајна постапка и други доверени работи на извршителот како и вонсудска наплата на долгови.

## 2. Годишен писмен извештај за работењето на извршителот

Член 4

Извршителот најдоцна до 15 март во тековната година, до Комората доставува Годишен писмен извештај за неговото работење, кој е образец број 2 на овој правилник и копија од завршна сметка доставена до Управата за јавни приходи.

Член 5

Годишниот писмен извештај согласно член 56 став (2) од ЗИ, содржи:

1. Број на примени барања за извршување
2. Број на реализирани извршни исправи од примените во извештајната година
3. Вкупен број на реализирани извршни исправи
4. Износ на наплатени средства за: цена на администрирање на предметите, трошоците за преземени дејствија и награда за реализираните извршни исправи примени во извештајната година,
5. Износ на трошоците за работењето на извршителот
6. Остварена нето добивка на извршителот.

Член 6

Комората најдоцна до 1 април до Министерството доставува збирен годишен извештај за работата на сите извршители во кои се содржани сите податоци од членот 5 на овој Правилник.

Комората во збирниот извештај освен податоците од член 5 од овој Правилник доставува до Министерството за правда истовремено и анализа на годишните извештаи за работата на извршителите споредбено со податоците од збирот од кварталните извештаи особено анализа на наплатени парични средства по

доверители и по должници на годишно ниво, како и сумарни податоци по подрачја за кои се именувани извршителите.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на негово објавување на веб страната на Комората, а ќе започне со примена со денот на примена на Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. 72/16 и 142/16 година)

Комора на извршители
на Република Македонија
Претседател
Зоран Петрески